## Одговори по барање за пристап до информации од јавен карактер
## (МО бр. 03-1742/1 од 09.03.2022 година)

**1. Дали Вашата институција има планирано или спроведено превентивни активности: едукативни работилници или кампањи за подигање на свеста на општата јавност за различните манифестации на сите форми на насилство врз жените, лица со различна сексуална ориентација и родов идентитет, опфатени со Истанбулската конвенција. Доколку Вашиот одговор е ДА, Ве молиме опишете колку активности имате планирано/реализирано и во кој временски период се планирани/реализирани.**

Согласно Истанбулската Конвенција, како и Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство во Република Северна Македонија (2018 – 2023 година), во периодот 2018 - 2021 година Министерството за одбрана превзема повеќе активности.

- **Инкорпорирање на родова перспектива во законската и подзаконска регулатива**

Министерството за одбрана покрај почитување и примена на законската регулатива (Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за заштита од вознемирување на работното место), пристапи кон инкорпорирање на родовата компонента со воведување на нови членови во Законот за служба на Армијата на Република Северна Македонија и Законот за одбрана, како и во сите стратешки документи на Министерството за одбрана.
Воедно, Министерството е носител и координатор за изработка и имплементација на Вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 Жени, мир и безбедност (2020-2025) – стратегиска рамка и согласно Оперативниот план на Министерството за одбрана за имплементација на Вториот НАП 2020 - 2025, предвидени се активности за постигнување на резултати во петте стратешки цели, меѓу кои и во стратешката цел 4-Заштита и стратешката цел 5 – Комуникација, образование и обука.

- **Заштита од вознемирување на работното место**

Министерството и Армијата не поддржуваат каков било вид на вознемирување на работното место, како и злоупотреба на правата за заштита од вознемирување на работното место. Во Министерството и Армијата не се толерира вознемирување во работните простории и надвор од нив, како и при извршување на работни задачи организирани од Министерството и Армијата. Сите категории на вработени и

кандидати за вработување во Министерството и Армијата се должни да се однесуваат правилно, чесно и професионално, на начин со кој се почитува достоинството, интегритетот и угледот на индивидуално и институционално ниво, со почитување на позитивните правни прописи.

Во оваа насока во 2019 година се донесе *Упатство за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија*, со кое се уредуваат правата, обврските и одговорностите на Министерството и Армијата, мерките и постапките за превенција и заштита од вознемирување на работно место, обврските и одговорностите на сите категории на вработени и кандидати за вработување во Министерството и Армијата. Во поддршка на Упатството беше изработен и промовиран *Водич за заштита од вознемирување на работно место.* Овој водич е достапен и во печатена форма, но е поставен и на официјалната веб страница во посебниот прозорец „Стоп вознемирување“.

Печатењето на оваа брошура е подржано од канцеларијата на UN Women во Скопје.

Во Министерството и Армијата функционираат интерни механизми за заштита од вознемирување, односно:

- назначено е овластено лице и негов заменик за заштита од вознемирување на работно место во Министерството и Армијата;
- назначени родови претставници - контакт лица при обраќање за совет и помош при вознемирување на работното место во Министерството и Армијата (вкупно 36 лица);
- одредени посредници во случај на вознемирување на работното место во Министерството и Армијата (вкупно 24 лица).

## ➢ Активности поддржани од UNDP / SESSAC

Министерството за одбрана од 2019 година активно е вклучено во регионален проект на UNDP/SESSAC, односно во втората фаза од Проектот„ Зајакнување на регионалната соработка на родовото интегрирање во безбедносниот сектор за реформи на Западен Балкан“. Во овој проект се вклучени претставници од Министерството и Армијата како членови во регионални работни групи заедно со претставници од министерствата и вооружените сили на Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Во рамките на овој проект се реализирани следните активности:

- Учество во изработка на *Втора Регионална студија за положбата на жените во вооружените сили во државите на Западен Балкан*” (достапна на https://www.seesac.org/f/docs/Gender-and-Security/Position-of-Women-in-the-Armed-Forces-MKD.pdf);

Студијата содржи анализи и дава компаративни податоци споредбено со првата студија, односно го опфаќа периодот 2012 - 2019 година. Меѓу другото, содржи и податоци/анализа и во областа на заштита од родово базирана дискриминација, мобинг и сексуално вознемирување и насилство.

- Учество во изработка на *Прирачник за признавање и заштита од родово заснована дискриминација, сексуално вознемирување и злоупотреба*.

Прирачникот претставува корисна алатка, која им стои на располагање на министерствата за наведената област.

- Изработка (во тек) на *Регионална студија за интегрирање на родовата перспектива во образованието и обуката во одбраната.*

- **Зајакнување на капацитетите на персоналот во Министерството и Армијата во областа на родовата еднаквост и заштита од вознемирување на работното место**

Во насока на родово сензитивирање на персоналот во Министерството и Армијата, во континуитет се организираат родови обуки за различни категории персонал, обуки во областа на заштитата од вознемирување на работното место, како и обуки за зајакнување на капацитетите на лицата кои непосредно се ангажирани во активностите во областа на родовата еднаквост и заштита од вознемирување на работното место.

Имено, вработените учествуваа на обуки кои се организирани од Министерството, но и на обуки ( работилници, курсеви, семинари) кои се организирани од Министерството за труд и социјална политика, како и од меѓународни организации, организирани во државата или во странство.

Во периодот 2018 – 2021 година реализирани се следните активности и обуки:

- **2018 година**

- Трибина „Родови перспективи во одбраната“, 7 март 2018 година, во организација на Министерството за одбрана. Истата имаше за цел да се подигне свеста за состојбата на жената во одбраната, со акцент на идните конкретни чекори и политики кои ќе се преземат.

- Комплетирање на е-обуките за родова еднаквост (основно и напредно ниво). Во 2018 година, 129 административни службеници ја комплетираа обуката.

- Реализирана специјализирана обука на тема „Мобинг и разрешување конфликт на работно место“, 27 април 2018 година во организација на Министерството за одбрана, со учество на 20 учесници од МО и Армијата ( финансиски имликации - Буџет на МО – 3.584,00 денари).

- **2019 година**

-Реализирани НАТО сертифицирани електронски курсеви ADL 169 (Подобрување на оперативната ефективност при интегрирање на родовата перспектива) и ADL 171 (Курс за родови претставници). Со електронски НАТО сертификат се стекнаа 36 родови претставници.

-Организирана специјализирана обука „Мобинг и разрешување конфликт на работно место“, 28 февруари 2019 година наменета за персонал во Министерството и Армијата -20 учесници( финансиски импликации - Буџет на МО – 6.168,00 денари).
-Работилница со претставниците од UNDP/SEESAC во рамки на регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка во родовата перспектива во реформите на безбедносниот сектор на Западен Балкан“, април 2019 година, Скопје.
-Регионална работилница за борба против родово базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување, јуни 2019 година, Босна и Херцеговина.
- Регионален состанок на работната група за развој на “Регионален прирачник за спречување на родова базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување во министерствата за одбрана и вооружените сили во земјите во Западен Балкан“, септември 2019 година, Србија.

За активностите со UNDP/SEESAC нема финансиски импликации. Истите беа во нивна организација и реализација.

- **2020 година**

– Семинар „Зајакнување – градење на капацитетите на посредниците за постапување во случај на вознемирување на работно место, механизми за постапување по жалби во Министерството за одбрана и Армијата„ во организација и поддршка на UNDP/SEESAC, 10 учесници, 16-17 декември, 2020 година, Скопје.
– Спроведено анкетно истражување во насока на обезбедување на поддршка на Упатството за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Анкетата се спроведе за да се добијат витални информации и увид во фактичката состојба и предизвиците поврзани со вознемирувањето на работното место, како и за мислењата и ставовите на вработените во Министерството за одбрана во областа на родовата перспектива. Анкетата беше наменета за сите вработени во Министерството за одбрана. Анкетата беше спроведена во период декември 2019 - јануари 2020 година и врз основа на истата беа изработени анализа и извештај.
- Промоција на Вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Рез. 1325„ Жени, мир и безбедност“ на Советот за безбедност на ООН (2020-2025) – стратегиска рамка. Настанот е организиран од Министерството за одбрана (финансиски импликации - Буџет на МО - 27.843 денари).
- Министерството организираше четири работилници за изработка на оперативните планови за имплементација на Вториот НАП со претставници од задолжените институции и ЗЕЛС (2 работилници со физичко присуство и 2 онлајн работилници поради состојбата со КОВИД 19 (финансиски импликации - Буџет на МО - 1.181 денари).
- Реализирана промоција на Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија и

на Водичот за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија“ по сите гарнизони на Армијата.

- Реализиран семинар на тема „Заштита од вознемирување на работно место во МО и Армијата“, во организација на Независниот синдикат на одбраната. Семинарот беше реализиран од страна на еден сертифициран родов обучувач од составот на Армијата.

- **2021 година**

- Реализирана обука за „Градење на капацитетите на посредници за постапување во случај на вознемирување на работно место, механизам за постапување по жалби во МО и Армијата“. Обуката е реализирана со експерти од UNDP/SEESAC и ангажман на две сертифицирани родови обучувачки од Министерството за одбрана. На истата учествуваа 15 учесници – посредници од МО и Армијата (втора група посредници), јануари 2021 година.
- Реализирана обука за спроведување на истражување за задоволството од работата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата, на која што учествуваа 11 претставници од Министерството за одбрана и Армијата, во организација и поддршка на UNDP/SEESAC, месец март 2021 година.
- Реализирана обука на тема „Статистичка анализа и обработка на податоци“ со 8 претставници од составот на Министерството и Армијата, во организација на UNDP/SEESAC, септември 2021 година.
- Реализирана on-line обука „Заштита од вознемирување на работно место и разрешување на конфликти“, спроведена од страна на сертифицирани обучувачи од Министерство за одбрана, за 25 учесници од Министерството и Армијата, април 2021 година.
- Креирана обука “Имплементација на родовата перспектива“ наменета за наставниот кадар, чија реализација поради состојбата со КОВИД 19 е одложена за 2022 година. Обуката е во рамки на соработката и поддршката UNDP/SEESAC.
- Изработен информативен флаер „Водич за разбирање на СВЕТОТ во НАС“ од страна на психолозите при Армијата со цел едукација и поддршка при градење на свесност кај жени и мажи припадници на Армијата за сопствениот внатрешен свет на мисли, уверувања и емоции кои претставуваат корен на сите родови, етнички, верски и други предрасуди и стереотипи, но и прилагодување на условите на пандемијата со вирусот КОВИД-19. Флаерот беше испечатен со поддршка од страна на UN Women.
- Реализирана обука во два термина ( јуни и декември 2021 година ) со персоналот од Армијата, на гарнизонско ниво на тема: „Запознавање со одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работно место и Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на

Република Северна Македонија“. Обуката е реализирана од страна на сертифицираните родови обучувачи од составот на Армијата.

- Реализирана родова обука на тема „Имплементација на резолуцијата на ООН 1325 и потребата од родова застапеност“ со претставници од составот на Армијата кои учествуваа на меѓународна воена вежба, Обуката беше реализирана од страна на сертифициран родов обучувач од составот на Армијата.
- Реализирано предавање во времетрање од два наставни часа на тема “Еднакви можности“ со кандидатите од составот на Армијата кои го посетуваа основниот курс за подофицери.

Во периодот 2018-2021 година персонал од Министерството и Армијата зема учество и на повеќе национални и на меѓународни активности (обуки, семинари, работилници и конференции) од областа на родовата еднаквост и заштита од вознемирување, односно родово базирано насилство. За овие активности финансиските импликации беа покриени од организаторите.
Исто така, континуирано се вклучуваат теми од областа на родовата еднаквост, имплементација на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност“ и последователните резолуции и сл. во предупатните обуки кои се спроведуваат со персоналот кој се упатува во мировни мисии. Обуките се реализираат од страна на сертифицирани родови обучувачи од составот на Армијата.

**2. Доколку е спроведена национална медиумска кампања, на кој начин се вклучени и/или одразени специфичните потреби на ранливите жени на родово базирано насилство и семејно насилство? Ве молиме опишете ги планираните/реализирани активности, односно кампањи и дали се тие дел од Вашата програма или станува збор за вклучување во активности на друг субјект со меѓуинституционална соработка, соработка со национални институции и тела за родова еднаквост или соработка со граѓанскиот сектор?**

Процедурите за заштита на лицата кои пријавуваат вознемирување се транспарентни и достапни на официјалните страници на Министерството и Армијата. Во таа насока на веб-страницата на Министерството за одбрана е воведен посебен **подпрозорец „Стопвознемирување“** (https://www.mod.gov.mk/%d1%81%d1%82%d0%be%d0%bf-%d0%b2%d0%be%d0%b7%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d0%b8%d1%80%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5/), каде вработените можат подетално да се информираат за начинот и постапката за пријавување, мерките, постапките за превенција и заштита од вознемирување, како и обврските и постапките на сите категории на вработени во Министерството и Армијата.

Прозорецот „Стопвознемирување“овозможува секој вработен да има пристап до:
- законски и подзаконски прописи кои се однесуваат на оваа проблематика;
- механизми за совет, помош и пријавување на вознемирувањето, односно контакт податоци (за овластено лице, неговиот заменик за заштита од вознемирување, е-маил адреса за пријавување на вознемирување stopvoznemiruvanje@mod.gov.mk и телефонски броеви на овластеното лице и неговиот заеник, список со определените контакт лица за совет и помош - родови претставници и посредници, телефонски броеви, е-маил адреси);
- Образец – Пријава за вознемирување во електронска форма;
- Права и одговорности на лице кое смета дека е вознемирувано, права и одговорности на вршител/ка на вознемирување.

Исто така, отворен е засебен подпрозорец „Родова еднаквост“ (https://www.mod.gov.mk/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d0%ba%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82/). Истиот има содржини кои се однесуваат на родовата еднаквост, редовно се објавуваат годишните извештаи за постигнатиот напредок на еднаквите можности на жените и мажите, како и годишните извештаи од спроведување на родово одговорно буџетирање.

На веб страницата на Министерството достапни се следните видео записи:

-промотивно видео „Жените и мажите во Армијата се еднакви“ (https://www.mod.gov.mk/%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d0%ba%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82/). Изработката на видеото е со поддршка од UN Women, и истото е промовирано во гарнизоните и касарните и споделено на вработените во организационите единици во МО,

- кратки видео записи и брошури, со кои се охрабруваат и девојките и момчињата за пристапување кон воената професија.

- Министерството за одбрана е подржано од UNDP/SEESAC преку обезбедување на работен и промотивен материјал, наменет за учесниците на обуките ( нотеси, паоки, флаери, брошури и сл.)

## 3. Колку финансиски средства се предвидени, а колку се потрошени за реализација на реализираните превентивни активности (едукативни активности/кампањи), на пример: за изработка и печатење на едукативни флаери, постери или други материјали, организирање на медиумска презентација на кампањите и други слични активности и од каде се обезбедени тие средства.

Во периодот 2018 – 2021 година, за дел од активностите има финансиски импликации, а за дел од активности нема финансиски импликации.

За обуки (курсеви, семинари, работилници) организирани од Министерството за одбрана со физичко присуство, финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Министерството за одбрана , и во наведениот период изнесуваат вкупно 38. 776 денари. Дел од планираните активности се одложени поради состојбата со пандемијата на КОВИД 19.

- Активности подржани од меѓународни организации

Поддршка од UNDP/SEESAC, изразена во:
- организирање на обуки ( курсеви, семинари, работилници);
- организирање на регионални состаноци во рамки на Регионалниот проект на кои активно учество земаа претставници од Министерството и Армијата (дел се организирани со физичко присуство, а дел онлајн);
- обезбеден работен и промотивен материјал, односно поддршка во дизајнирање и печатење на Вториот НАП на Република Северна Македонија за имплементација на Рез. 1325- стратегиска рамка ( 2020-2025).

Поддршка од канцеларијата на UN Women во Скопје, изразена во:
- дизајнирање и печатење на Водичот за заштита од вознемирување на работно место;
- стручна поддршка во изработка на Вториот НАП на Република Северна Македонија за имплементација на Рез. 1325- стратегиска рамка (2020-2025), како и во организираните работилници од Министерството за изработка на оперативните планови, на кои учествуваа претставници од институциите задолжени за изработка на истите и од ЗЕЛС;
- промотивно видео „Жените и мажите во Армијата се еднакви“.

**4. Дали имате назначено конкретно лице со систематизирано работно место за реализација на вакви и слични активности, доколку одговорот е ДА, дали тоа лице има посетувано обуки за сензибилирање на тематската област, доколку одговорите со НЕ, кое лице е одговорно за планирање на превентивните активности/кампањи за унапредување на човековите права, а особено забрана за насилство врз жените?**

Во Министерството за одбрана нема систематизирани работни места односно нема персонал кои исклучиво работи на планирање и спроведување на активности од оваа област, а во Армијата има 1 формациски отворено работно место.
Но, за планирање и спроведување на активностите задолжени се конкретни лица и работни групи во кои лицата покрај своите примарни работни задачи, дополнително ги извршуваат работните задачи од оваа област и тоа:

- Координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите, лица од Министерството за одбрана назначени со решение од министерката за одбрана.

- Член на Интер-ресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите во Владата на Република Северна Македонија.
- Работна група за координација, мониторинг и евалуација за имплементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на ООН 1325 „Жени, мир и безбедност“ (2020–2025)–стратегиска рамка (координатор и 11 члена, персонал од Министерството и Армијата), формирана со решение на министерката за одбрана.
- Работна група за родово одговорно буџетирање, во согласност со Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање во Република Македонија (координатор на работната група и 6 члена од Министерството за одбрана), формирана со Решение на министерката за одбрана.
- Назначено овластено лице и негов заменик за заштита од вознемирување на работно место во Министерството и Армијата, и назначени родови претставници - вкупно 36 лица од Министерството и Армијата, со решение на министерката за одбрана.
- Базен од 21 НАТО сертифицирани родови обучувачи кои спроведуваат родови обуки во Министерството и Армијата.
- Сертифицирани обучувачи за мобинг и разрешување конфликт на работно место - 6 лица од Министерството.

Во Армијата во 2019 година отворено е посебно формациско место - Офицер за родова еднаквост во Кабинетот на Началникот на Генералштабот на Армијата. На оваа позиција е поставена жена офицер. Лицето е сертифициран родов обучувач, воедно ги има завршено следните курсеви: Gender focal point (GFP), ADL-169, ADL-171 и Integration of Women and Gender Perspectives in Armed Forces (IWGPAF).

**5.На кој начин обезбедувате широка дисеминација меѓу јавноста за информации за мерките кои се на располагање за спречување на насилство и за постоечки мерки за заштита на жртви и постоечки специјализирани сервиси? Дали имате подготвено план/програма за спроведување на кампањи во континуитет, се додека не се постигне доволно ниво на свест кај општата популација и дали постои евалуација на постигнатите резултати?**

Министерството за одбрана, иако не е организатор на кампањи на конкретни теми од оваа област за јавноста, сепак сите информации се достапни на веб страницата на Министерството и тоа преку:

- кратки видео записи од жени од Армијата со свои пораки и изјави;
- објавување на статии во списанието ШТИТ;
- учество на жени од Министерството и Армијата на настани (од национален и меѓународен карактер);

- гостувања во национални медиуми.

Преку овие настапи јавноста има можност да се запознае со активностите кои Министерството за одбрана ги спроведува во оваа област, како и со заложбите на кои интензивно се работи со целосна посветеност.